Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-341/1
25.03.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-600/1 од 01.08.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење во --- и претставка бр. 08-725/1 од 10.10.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење во ---, за дискриминација сторена врз основа на национална или етничка основа, јазик, политичко уверување, религија и/или верско уверување во областа на работата и работните односи од страна на ---, застапувана од в.д директорката ---, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон подносителите --- од --- и --- од --- сторена од страна на ---, застапувана од в.д директорката --- врз основа на национална или етничка основа, јазик, политичко уверување, религија и/или верско уверување во областа на работата и работните односи.

## Образложение

1.

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-600/1 од 01.08.2025 година од страна на --- од ---, за дискриминација сторена од страна на --- (понатаму во текстот: "---"), застапувана од в.д директорката ---, врз основа на потекло, национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување и политичко уверување во областа на работните односи. Кон претставката подносителот достави докази во фотокопие, и тоа Одлука бр. --- од --- од --- година за избор на кандидати за вработување на неопределено време, ранг-листа бр. --- од --- година на кандидати кои конкурирале на јавен оглас бр. --- од --- година за прием на доктори на медицина во --- и ранг листа бр. --- од --- година на кандидати кои конкурирале на јавен оглас за прием на медицински сестри – техничари во --- и неколку принт-скрин фотографии од објави на социјални мрежи.

На 10.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше подeнсена претставка бр. 08-725/1 од страна на --- од ---, за заштита од дискриминација сторена од страна на --- застапувана од в.д директорката ---, врз основа на национална или етничка припадност, јазик и политичко уверување во областа на работата и работните односи. Кон претставката како доказ подносителот во фотокопие достави Одлука бр. --- од --- година за избор на кандидати за вработување на неопределено време на ---, ранг листа бр. --- од --- година на кандидати


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

кои конкурирале на јавен оглас бр. --- од --- година за прием на доктори на медицина во ---.

Со оглед дека наведените претставки се однесуваат на иста правна работа и против ист потенцијален дискриминатор, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 17.11.2025 година со Заклучок бр. --- ги спои двете постапки по горенаведените претставки во една постапка, а заради целисходност на водењето и постапувањето по истата.

2.

Во претставката поднесена од страна на --- подносителот наведе дека на 30.07.2025 година од страна на --- била донесена одлука за вработување на --- доктори на неопределено време. Според добиените бодови биле рангирани на следниот начин 1. ---, 2. ---, 3. ---, 4. ---, 5. ---, 6. ---, 7. --- и 8. ---. Во одлуката за избор било наведено дека биле избрани кандидатите со редни броеви ---, --- , --- и --- кои биле политички активни во рамки на една поголема политичка партија, дополнително кандидатите под редните броеви ---, --- и --- биле претходно вработени со договор за дело а по јавниот оглас избрани на неправилен начин. Укажува дека кандидатите под реден број --- и --- биле во семејна врска за што посочува дека било видно од слики на социјални мрежи, а кандидатот под реден број --- немал поминато платена пракса и немал комплетна документација. Според наводите смета дека на овој оглас бил дискриминиран врз основа на етничка припадност и политичко уверување. Исто така ја наведува и хипотетичката ситуација дека доколку бил и под реден број --- со резултатите кои се објавени, повторно не би бил избран поради наведените причини. Посочува дека и кандидатите под редни броеви --- и --- исто така не биле избрани поради етничката припадност и политичкото уверување.

На 07.10.2025 година Комисијата се обрати со барање бр. 08-600/2 до --- заради добивање на произнесување по наводите по претставката. Од страна на --- до Комисијата доставен е одговор бр. --- од --- година, а во комисијата пристигнат на 15.10.2025 година. Во одговорот потенцијалниот дискриминатор истакнува дека наводите во претставката ги побива во целост сметајќи ги за неосновани, нејасни и неточни. Се појаснува дека --- на --- година објавила оглас за вработување бр. --- на здравствени работници на неопределено време. На огласот за прием на работно место – --- за --- извршители биле пријавени --- кандидати и сите од пријавените ги исполнувале општите и посебните услови барани на огласот. По истек на рокот за пријавување, во координација со Министерство за ---, --- спровела постапка за селекција во согласност со член --- од Закон за --- кој предвидувал дека селекција на кандидат за --- со високо образование се врши врз основа на следните критериуми – просек од успех што кандидатот го постигнал на високообразовната установа кој носел 40 бода и – квалификационен испит кој бил составен од 2 дела и носел вкупно 60 бода, и тоа – стручен дел тест кој носел 40 бода и – познавање на еден од светските јазици кој носел 20 бода. Се наведува дека од страна на советник за човечки ресурси во Министерство за ---, --- биле известени за термин за закажано тестирање на кандидатите, а --- исто така од министерството била претставник од истото на денот

на тестирањето. Потенцијалниот дискриминатор ги посочува за неточни наводите во претставката дека кандидатот под реден број --- немал лиценца поради што како доказ ја доставува во фотокопие, соодветно издадена од страна на ---, наведувајќи дека му е непознато како подносителот дошол до ваков податок што го довел во заблуда или пак според потенцијалниот дискриминатор подносителот намерно навел лажен податок. Понатаму се наведува дека по спроведено тестирање комисијата изготвила ранг листа на кандидати со освоени вкупен број бодови па се посочува дека согласно законските одредби и долгогодишната пракса при вработување на ---, земено предвид дека по тестирањето во втората фаза за --- работни места биле --- кандидати, произлегувало дека сите пријавени имале еднакво право да бидат избрани за прием на работно место - ---. Се наведува дека во согласност со член --- од Законот за ---, работоводниот орган на --- имал дискреционо право да изврши избор на било кој од предложените кандидати од ранг листата кои ги исполнувале условите објавени во огласот, независно од бројот на ранг листата. Работоводниот орган – ---, со оглед дека имало повеќе од тројца кандидати кои ги исполнувале условите, спровел интервју и донел правична одлука за избор на кандидати, заснована на закон. Од страна на потенцијалниот дискриминатор во одговорот се наведува дека членството во одредена партија не бил услов кој се барал при вработување во ниту еден оглас. Додека пак приватните, односно личните односи на кандидатите биле од лична природа и подлежеле на заштита со закон. Крајно, во одговорот е наведен фактот дека еден месец пред да се јави на оглас за прием во установата, подносителот на претставката конкурирал на оглас за вработување распишан од страна на --- каде тогашен директор бил кандидатот под реден број --- и на тој оглас подносителот бил прворангиран на листата, меѓутоа не бил избран како соодветен кандидат за вработување. Поради сето наведено во одговорот, потенцијалниот дискриминатор и предлага на Комисијата да донесе мислење со кое нема да утврди дискриминација во постапка за вработување.

<u>Кон одговорот беа доставени следните докази во фотокопие:</u>
- Согласност од Министерство за финансии бр. --- од --- година,
- Одлука за објава на оглас бр. --- од --- година,
- Оглас за прием на работници бр. --- од --- година,
- Решение за формирање комисија за селекција бр. --- од --- година,
- Записник бр. --- од --- година на комисија за селекција на кандидати,
- Ранг листа на кандидати за прием на --- бр. --- од --- година,
- Записник од спроведено интервју бр. --- од --- година,
- Одлука за избор на кандидати бр. --- од --- година и
- Лиценца во фотокопие на име --- издадена од ---.

3.

На 10.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка 08-725/1 од --- од ---, за дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, јазик и политичко уверување сторена од страна на ---, застапувана од в.д директорката ---. Во претставката подносителот наведува

дека по спроведен јавен оглас за ---, бил четврторангиран на ранг листа на пријавени кандидати, па наместо да биде вработен и да му биде дадено решение, в.д директорката на --- одлучила позитивно за други кандидати, а врз основа на политичко уверување. За одредени кандидати истакнува сомнеж и за тоа дали исполнуваат основни услови за прием како што е поседување на лиценца.

По ова на 15.10.2025 година Комисијата се обрати со барање бр. 08-725/2 до --- за добивање на произнесување по наводите во претставката, па на 27.10.2025 година во Комисијата пристигнат беше одговор на претставка --- од --- година од потенцијалниот дискриминатор. Во одговорот се наведува дека наводите во претставката се побиваат во целост од причина што истите биле нејасни, неосновани и неточни. Се наведува фактот дека подносителот --- од --- година до --- година бил именуван за в.д директор на --- и во истиот период при решавање на огласите за прием на работа во установата со која раководел, вршел избор на кандидати во рамки на неговото дискреционо право на одлучување па следствено не секогаш избирал кандидати според ранг листата, туку се наведува дека вршел избор на кандидати за кои сметал дека биле соодветни за работното место. Како пример го посочуваат огласот на кој прворангиран бил кандидатот ---, а не бил избран од страна на тогаш в.д директорот ---, туку бил избран кандидат кој бил пониско рангиран од именуваниот и воедно вработен во ---.

Понатаму во одговорот од страна на потенцијалниот дискриминатор се објаснува постапката за вработување на --- по спорниот оглас бр. --- на неопределено време на работно место – ---, онака како е појаснет и во одговорот по претставката 08-600/1 поднесена од --- од ---.

Крајно, се наведува дека --- бил избран и именуван за вршење јавна функција в.д директор на ---, а претходно во одреден период раководел и со една од --- при --- па како резултат на ова имал искуство и познавања на кој начин функционираат ---, особено во делот на вработувањата.

Кон одговорот како доказ во фотокопие беа приложени следните писмена:

- Согласност од Министерство за финансии бр. --- од --- година,
- Одлука за објава на оглас бр. --- од --- година,
- Оглас за прием на работници бр. --- од --- година,
- Решение за формирање комисија за селекција бр. --- од --- година,
- Записник бр. --- од --- година од комисија за ---,
- Ранг листа на кандидати за --- бр. --- од --- година ,
- Записник од спроведено интервју бр. --- од --- година и
- Одлука за избор на кандидати бр. --- од --- година.

На 13.11.2025 година, од страна на --- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат беше доставено дополнување на одговорот бр. --- од --- година по наводите во претставките бр. 08-600/1 и 08-725/1. Во истото е наведено дека во поткрепа на фактот дека во установата не се врши дискриминација по ниту еден основ, особено не врз национална или етничка припадност, се доставува преглед на вработени стручни кадри од сите области, низ годините наназад па се наведува дека во периодот 2018 до 2019 година биле вработени --- од кои --- биле албанци, ---

македонец и --- турчин. Во периодо од 2019 до 2023 година пак, вработени биле вкупно --- работници (---) и од нив --- биле албанци, --- македонци, а --- турци.

4.

Според член --- од Закон за _--- во ---Во член --- од законот е уредено дека --- Според член ---, ---, додека во став --- од истиот член е уредено дека---. Понатаму во член --- од законот е утврдено дека---. Член --- уредува дека---, додека пак во став --- на истиот член е уредено дека---. Крајно, член --- во законот уредувал дека---.

Земено предвид сето наведено, се утврди дека во конкретниот случај не е сторена директна дискриминација кон подносителите --- од --- и --- од --- од страна на ---, застапувана од в.д директорката --- врз основа на национална или етничка основа, јазик, политичко уверување, религија и/или верско уверување во областа на работата и работните односи, а во смисла на член 8, став 1 од во кој е уредено дека "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*" Во оваа смисла Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не најде каузалитет помеѓу наведените дискриминаторски основи посочени од подносителите и изборот на кандидати на јавениот оглас за прием на --- што би требало да резултира со акт на дискриминација. Дотолку повеќе што од приложените докази од потенцијалниот дискриминатор во текот на постапката се увиде дека низ годините наназад при објавување на јавните огласи биле вработувани кандидати независно од нивната етничка припадност што резултирало со кадар во --- кој е со различна етничка припадност. Поради наведеното Комисијата не беше во можност да утврди постоење на елементи на дискриминација сторена од страна на наведениот потенцијален дискриминатор.

Како резултат на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
23.03.2026 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- ---
- Архива на КСЗД